Центар за граѓански комуникации
ЦГК
бр. 0302 – 119/1
23.02.2022 год.
СКОПЈЕ

Акционерско друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздушната навигација
Shoqëria aksionare në pronësi shtetërore për kryerjen e veprimtarisë së dhënies së shërbimeve në navigacionin Ajror
М-НАВ АД Скопје - M-NAV SHA Shkup

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: Pranuar më: | 25-02-2022 | | |
| Орг. един. Nj. org. | Број Numri | Прилог Shtojca | Вредност Vlera |
| 03 | 210/1 | | |

**До: <u>АД М-НАВ</u>**
**(имател на информацијата)**

# БАРАЊЕ
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

(... застапник/полномошник на Барателот: назив, [illegible])

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Imателот ги барам следните информации од јавен карактер:

1. Податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12. 2021 година во однос на:

1.1. Име и презиме со лицето со кое се склучени;
1.2. Позицијата во акционерското друштво;
1.3. Датум на склучување;
1.4. Времетраење на договорот;
1.5. Месечен надомест (плата или друг вид на надомест);
1.6. Други предвидени бенефиции согласно договорот (бонуси, осигурување,отпремнина и сл.) и
1.7. Копија од договорите

2. Податоци за исплатените отпремнини во случај на предвремен раскин на менаџерските договори склучени во перидот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година:

2.1. Датум на исплатата;
2.2. Основата за исплатата;
2.3. Лицето на кое е извршена исплатата и
2.4. Висината на износот на отпремнината

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **<u>г) електронски запис</u>**
- д) друго ______________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Врз основа на член 17 став 4 од Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 31/20 - Пречистен текст), член 3 став 1 алинеја 2 и член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19), а во согласност со Одлуката на Управниот одбор на М-НАВ А.Д. - Скопје бр.02/220-16, Извршниот директор за финансиски работи, правни работи, развој и инвестиции на ден 08.03.2022година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. СЕ УВАЖУВА Барањето за пристап до информации од јавен карактер, доставено од [redacted] бр. 0302-119/1 од 23.02.2022 година, примено и заведено под арх.бр. на М-НАВ А.Д. – Скопје 03-210/1 од 25.02.2022 година.

2. Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје не ги поседува бараните информации од барањето наведено во точка 1 од оваа Решение.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

[redacted] до Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје достави Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр. 0302-119/1 од 23.02.2022 година, примено на ден 25.02.2022 година и заведено под арх.бр. на „М-НАВ" А.Д. – Скопје 03-210/1. Со предметното барање од страна на [redacted] се бараат податоци за сите менаџерски договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година и податоци за исплатените отприемнини во случај на предвремен раскин на менаџерските договори склучени во периодот од 01.01.2011 до 31.12.2021 година.

Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје согласно со позитивната законска и подзаконска регулатива која ја применува во својата работа, досега нема склучено менаџерски договори.

Во однос на наведеното, а во согласност со член 3 став 1 алинеја 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер согласно кој „информација од јавен карактер“ е информација во која било форма што ја создал или со која располага имателот на информацијата согласно со неговите надлежности, а како Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје не ја создал и не располага со бараната информација, се донесе Решение како во диспозитивот.

Извршен директор за финансиски
работи, правни работи, развој и
инвестиции
Drejtor Ekzekutiv për çështje financiare,
ligjore, zhvillim dhe investime

Migjen Salmani

**Службено лице за посредување**
**При остварување на правото на**
**слободен пристап до информации**
**од јавен карактер**
**Gzime Asani**

Правна поука: Против ова Решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер

Доставено до:
- Барател на информација;
- документација;
- архива